Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-71/7 од 10.7.2009 год., донесена на 31. седница на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 8.7.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа ***сметководство*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 4.7.2009 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Александар Костадиновски**. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Александар Костадиновски** е роден на 30 април 1980 година во Тетово. Основно образование завршува во с. Брвеница, Тетовско, а средно гимназиско образование во Тетово.

Во 2003 година дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката Сметководство и ревизија.

Истата година се запишува на постдипломски студии од областа сметководство и ревизија при Економскиот факултет во Скопје, на кои по положување на предвидените испити, на 6.12.2005 година го одбранува магистерскиот труд на тема *„Сметководствено планирање во претпријатијата",* со што се стекнува со научен степен **магистер по економски науки** од областа сметководство и ревизија.

Во 2007 година пријавува тези за изработка на докторска дисертација под менторство на проф. д-р Блажо Недев, при Економскиот факултет во Скопје. На 8.6.2009 година ја одбранува докторската теза на тема *„Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор"* и се стекнува со научен степен **доктор по економски науки**.

Во 2004 се вработува како асистент ревизор во Друштвото за ревизија „Димитров ревизија" - Скопје. Во 2005 година заснова работен ангажман во Трговското друштво „Ма Импекс", на позиција финансиски работник, каде што останува до мај 2006 година, кога е примен да волонтира на Европскиот универзитет во Скопје.

Од 1.10.2006 година е избран за асистент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет - Република Македонија, Скопје. На Европскиот универзитет работи сè до 1.3.2009 година.

Од странски јазици се користи со англискиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот **д-р Александар Костадиновски** на 1.10.2006 година е избран за асистент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет - Република Македонија, Скопје, на предметните дисциплини: Платен промет и Принципи на сметководство. Покрај овие предмети му се доверуваат и предметите Политика на пласмани и Банкарство. Во овој период кандидатот успешно ги врши предвидените наставно-образовни активности. Тој одржувал вежби по предметните дисциплини со следнава динамика:

1. Во учебната 2006 – 2007 година, во зимскиот семестар е ангажиран на предметот Платен промет (2 групи на студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид), во летниот семестар ги одржува вежбите по предметите Принципи на сметководство (1 група студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид) и Политика на пласмани (1 група студенти по 2 академски часа неделно во Скопје).
2. Во учебната 2007 – 2008 година, во зимскиот семестар е ангажиран на предметот

Принципи на сметководство (2 групи на студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид), во летниот семестар ги одржува вежбите по предметот Политика на пласмани (1 група студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид).

3. Во учебната 2008 – 2009 година, во зимскиот семестар е ангажиран за предметите Банкарство (2 групи на студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид) и Политика на пласмани (1 група студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид), во летниот семестар до 1.3.2009 година е ангажиран на предметот Принципи на сметководство (2 групи на студенти по 2 академски часа неделно во Скопје и 1 група студенти по 2 академски часа неделно во Охрид).

Целокупниот наставно-образовен процес и вреднувањето на успехот на студентите се остварува преку перманентно следење на академската активност на студентите. Кандидатот го спроведувал процесот на селекција и оценка на изработените трудови од страна на студентите (студентите изработуваат семинарски, проектни и стручни трудови во текот на студиите). Тоа подразбира постојани отворени консултации со студентите, со цел разбирливо и сеопфатно совладување на наставната материја и предвидените активности.

Д-р Александар Костадиновски покажува особен интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од списокот приложени трудови до Комисијата:

1. Александар Костадиновски: *Сметководствено планирање во претпријатијата (магистерски труд),* стр. 250, Економски факултет - Скопје, 2006 година
2. М-р Александар Костадиновски, во коавторство со д-р Љупчо Стојчески: *Основи на сметководство* (рецензиран учебник), издание на Европски универзитет-Скопје, стр.352, 2007 година
3. М-р Александар Костадиновски: *Рамноправноста и квалитетот во здравствената заштита* (рецензиран научен труд), приложен во Годишник на трудови, издание Европски универзитет-Скопје, 2008 година
4. М-р Александар Костадиновски: *Механизми на плаќање здравствени услуги* (рецензиран научен труд), приложен во Зборник на трудови, издание Европски универзитет-Скопје, 2008 година
5. М-р Александар Костадиновски: *Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор* (докторска дисертација), стр.410, Економски факултет - Скопје, 2009 година
6. *Агресивната капитализација и проширените амортизациони политики,* Финансиски кинсалтинг, Скопје, 2006 година
7. *Управување со побарувањата,* Димитров ревизија, Скопје, 2006 година
8. *Креативни сметководствени практики*, Финансиски консалтинг, Скопје, 2007 година
9. *Taxation and Economic Growth*, CEA Journal of Economics, Skopje 2007
10. *„Годишник на трудови“*, Европски универзитет, 260 страници, технички уредник, 2007година.
11. *„Зборник на трудови“*, Европски универзитет, 436 страници, технички уредник, 2007година.
12. *Организација и планирање на внатрешната ревизија*, Димитров ревизија, 2007 година.
13. *Активностите на инвестиционите банки*, Центар за економски итражувања, Скопје, 2007 година.
14. *Влијанието на преземените чекори во стабилизирање на кризата,* Зборник на Европски универзитет, 2007 година.
15. *Потребата од поголема регулација на финансискиот сектор*, Телевизија Менада, Тетово, 2008 година.
16. *Одлуките при проценка на ризикот во банките*, Маркетинг, Скопје, 2008 година.
17. *Природата и функцијата на болничкото сметководство*, Финансиски консалтинг, 2008 година.

18. *Кризата и конкурентноста: креативна деструкција на слободните пазари*, Економист, Скопје, 2008 година.
19. *Историските финансиски кризи во Европа и САД*, Македонско радио, Скопје, 2008 година.
20. *Пазарот на недвижности и глобалните финансиски пазари*, Капитал, Скопје, 2008 година.
21. *Инвестициите во инфраструктурата: поврзаноста со економскиот растеж и улогата на јавните политики*, Бизнис, Скопје.
22. *Пазарите, банките и потрошувачите*, Македонско радио, Скопје, 2008 година
23. *Structural refeorm at a time of financial crisis*, CEA Jurnal of Economics, Skopje, 2008
24. *„Зборник на трудови“,* Европски универзитет, 517 страници, технички уредник, 2008 година.
25. *„Годишник на трудови“,* Европски универзитет, 384 страници, технички уредник, 2008 година.
26. *Преземање на финансики ризик*, Радио Тетово, 2008 година.
27. *Како да се преживее кризата и да се просперира во процесот*, Радио Кисс, Тетово, 2009 година.
28. *Што се случи со корпоративна Америка?,* Телевизија Кисс, Тетово, 2009 година.
29. *Америчкиот капитализам во 21 век*, Телевизија Менада, Тетово, 2009 година.
30. *Јавниот долг и финансиските пазари*, Економист, Скопје, 2009 година.
31. *Крајот на ерата на доларот*, Капитал, Скопје 2009 година.
32. *Заканата на растечките каматни стапки*, Бизнис, Скопје, 2009 година
33. *Интерната контрола во банките*, Центар за економски истражувања, Скопје, 2009 година.
34. *Финансиската криза и влијанието врз стопанството*, Телевизија Кисс, Тетово, 2009 година.
35. *Критични финансиски сметководствени проблеми*, Финансиски консалтинг, Скопје, 2009 година.

Во понатамошниот дел од рефератот подетално ќе се претстават само позначајните трудови.

**Евалуација на трудот со реден број 1 - „*Сметководствено планирање во претпријатијата*“ (магистерски труд), стр. 250, Економски факултет, Скопје, 2006 година**

Предмет на истражување во магистерскиот труд, како што може да се забележи од насловот, е процесот на сметководствено планирање во претпријатието. Денес во услови на нагласена конкуренција на пазарот, во услови кога пазарната цена на производите е позната, без можност на нејзино влијание од страна на ентитетот, доаѓа до промена на начинот на управување со работењето од страна на менаџментот, фокусирајќи го своето внимание на адекватното сметководствено планирање. Сметководственото планирење претставува круцијален инструмент за планирање на финансискиот резултат, определувајќи ги насоките на рентабилно работење. Поимајќи го сметководственото планирање како процес на изготвување на детален план кој го квантифицира стекнувањето и распоредувањето на финансиските и другите ресурси во определен период на време, не може, а да не се подвлече дека сметководственото планирање е проникнато од сметководството на трошоците, и притоа ставено во функција на интерните потреби на претпријатието. Како издиференциран дел во рамките на сметководството во целина, тоа станува неопходна активност на современиот менаџмент. Сметководството на трошоците е витална функција во претпријатието, чија основна задача е водењето на ажурна евиденција на трошоците на секое ниво во претпријатието, во насока на што поуспешно планирање и контрола на работењето, како и вреднување на залихите и финансискиот резултат.

Сметководственото планирање ги поставува и ги детерминира средствата како и начините за реализација на планираните цели. Контролата се наметнува како логичка постапка која следува како проверка на поставените цели на планирањето. Во овој

контекст може да се заклучи дека сметководственото планирање се сведува на утврдување на резултатите од работењето, врз база на евиденцијата во сметководството и споредување на истите со планските показатели за да се определат отстапувањата. Информациите за трошоците се базичен инпут и за планирањето и за контролата, тие треба да бидат така концепирани за да можат да бидат корисни за сите нивоа на претпријатието.

Целите коишто Костадиновски сака да ги постигне во овој труд се:

- да се согледа значењето на сметководственото планирање во вкупниот сметководствен информативен систем на претпријатието;
- да се согледаат одделните техники на планирање;
- да се разбере процесот на стратегиско планирање во претпријатието;
- да се согледаат одделните сметководствени планови кои се изготвуваат во претпријатието;
- да се разбере природата на контролниот информационен систем;
- да се проучат алтернативите за намалување на трошоците во претпријатието.

За постигнување на ваквите цели, авторот користи соодветен планско-методолошки пристап, каде што теоретските образложенија за процесот на сметководственото планирање ги поткрепува со адекватни практични согледувања. За добивање на потребните податоци за изработката на трудот, авторот консултира соодветна литература од странски и домашни автори, Интернет и веб-страници, сметководствена документација од евиденцијата на АД „Тетекс“, како и остварените разговори со лица вработени во фирмата.

Целокупното истражување во својот труд, авторот го има поместено во три глави, во првата глава се дадени теоретските аспекти на сметководственото планирање, втората ги содржи методолошките аспекти во изготвувањето на одделните сметководствени планови, додека практичните согледување на процесот на сметководственото планирање, низ примерот на АД „Тетекс” - Тетово, се опфатени во третата глава.

Во првата глава, **Теоретските аспекти на сметководственото планирање**, Костадиновски се осврнува на прашањето на сметководственото планирање, на неговото значење при донесувањето на менаџерските одлуки, местото што сметководственото планирање го има во севкупното работење на претпријатието.

Во втората глава, **Методолошките аспекти при изготвувањето на одделните сметководствени планови**, авторот укажува на сложениот комплекс на активности кои треба да се извршат во процесот на сметководствено планирање кој резултира во мноштво меѓусебно поврзани сметководствени планови, чиишто методолошки постапки на изготвување се наметнуваат како неопходност во текот на таквиот процес. Методологијата на планирањето не е статична и единствена за сите времиња и ситуации, туку за различни ситуации и услови бара соодветна методолошка постапка. Методологијата се развива со време, паралелно со развитокот на претпријатието и технологијата на економските и информатичките науки и со подобрувањето на методологијата нормално е да се очекува и соодветно подобрување на изработката на плановите на претпријатието. Методологијата на планирањето претставува начин и пат за преведување на стратешките и тактички идеи и концепции на работната политика и цели во заокружени и усклaдени плански проекти.

Во последната глава на трудот, **Практична апликација на сметководственото планирање во АД „Тетекс“**, Костадиновски своите теоретски образложенија дадени во претходните две глави ги поткрепува со практичен осврт на процесот на сметководствено планирање. Во почетокот на овој дел е даден кус осврт на развојниот пат на претпријатието, од каде што може да се забележи исклучително плодната историја на претпријатието во доменот на текстилното производство за што сведочат многубројните добиени награди. Во понатамошниот дел е даден шематски приказ на организационата поставеност на комбинатот. Може да се види дека станува збор за сложена поставеност на организационите единици кои функционираат во рамките на комбинатот. Токму ваквата поставеност упатува на потребата од соработката која постои помеѓу одделните функционални тимови, особено во поставувањето на плановите. Сметководствениот департман има исклучително големо значење во процесот на подготвувањето на плановите, но исто така и во сервисирањето

на информациите за нивната реализација. Улогата на департманот за сметководство е особено голема во следењето на одделните трошоци, чиешто минимизирање и еден од најважните приоритети на менаџментот на компанијата. За потребите на трудов, а со цел да се добие практична слика за подготвувањето на одделните планови, анализата на сметководственото планирање и изготвувањето на целосниот сметководствен план, кандидатот ја прикажува само за производствена единица Предиво, пред сѐ, е поради тоа што токму оваа организациона единица претставува стартна точка во синџирот на производство, како и основа за функционирање на преостанатите производствени единици. Во рамките на производствената единица, како готов производ се изработува предиво, кое како такво се продава на домашниот и на странскиот пазар, но исто така истото е предмет на внатрешна реализација во рамките на претпријатието, односно претставува влез во преостанатите производствени единици. Процесот на планирањето е даден во целост, од изготвувањето на планот на продажба па сѐ до планираниот биланс на состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 2 - „*Основи на сметководство*" (рецензиран учебник), издание на Европски универзитет, Скопје, стр. 352, 2007 година**

Трудот е пишуван, пред сѐ, да им послужи на студентите на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет – Европски универзитет, Република Македонија, за изучување на основната проблематика на сметководството.

При обработката на проблематиката презентирана во трудот, авторите се труделе да ги следат современите трендови во литературата и прогресот што со себе го носи напредокот на претпријатијата во современиот свет. Во современата домашна и странска литература, сметководството се дефинира како информативен систем, односно потсистем во еден универзален информационен систем. Во тој систем сметководството е интегрирано, претставува практично најразработен информативен потсистем со специфичен вид на информации од финансиски карактер. Оттаму и фактот дека сметководствената дисциплина не се состои само од книжења по принципот на „должи и побарува", „активата спротивставена на пасивата" итн. Сметководство никогаш во практитката не било така неуко симплифицирано, а и во литературата никогаш не се презентирало така. Оние кои ја познаваат суштината на сметководствената обработка на податоците никогаш не го оспорувале неговиот методолошки пристап, како и големата улога на сметководството како систем на информирање.

Во историјата на достигнувањето на човечкиот ум сметководството како систем несомнено се вбројува во оние кои се изградени на едноставни премиси, а кои сепак обезбедуваат мноштво неопходни податоци и информации. Тоа на многу едноставен и сликовит начин дава податоци за животот на претпријатието и другите субјекти кои водат сметководство и тоа сукцесивно од нивното основање и работење до нивниот престанок.

При изготвувањето на овој учебник, авторите се потрудиле преку основните сметководствени категории, студентите како идни сметководители, информатори и менаџери во компаниите – претпријатијата:

1. да бидат способни да го дефинираат сметководството,
2. да ги познаваат основните финансиски извештаи,
3. да ги познаваат фазите на сметководствениот циклус,
4. да ги обработуваат сметководствените настани,
5. да ја познаваат сметководствената евиденција на средствата, обврските, капиталот, приходите, расходите и на финансискиот резултат,
6. како и да се запознаат со сметководствената регулатива во национални и меѓународни рамки, преку изучувањето на меѓународните сметководствени стандарди.

Во трудот како составен дел се опфатени и апликативни примери и задачи, кои ќе им помогнат на студентите и на останатите интересенти кон поуспешно разработување и понатамошен развој и надградба на презентираната материја.

**Евалуација на трудот со реден број 3 - „*Рамноправноста и квалитетот во здравствената заштита*" (рецензиран научен труд), приложен во Годишник на трудови, издание Европски универзитет, Скопје, 2008 година**

Општествата инвестираат голем дел од нивните расположливи ресурси во здравствените системи; речиси осум проценти од светското производство на добрата и услугите се трошат на здравјето. Оттука и значителниот интерес помеѓу донесувачите на политиките во добивање на информации за перформансите на нивните здравствени системи. Мерењето на перформансите може да помогне во следењето на прогресот на здравствените системи во текот на времето и овозможува споредба на прогресот со оној на другите здравствени системи. Ваквата информација има секундарен бенефит во придонесот за развојот на базата на докази за тоа што функционира во правец на подобрување на перформансите на здравствените системи и за тоа што не функционира. Недостатокот на ваков вид на информации е главна препрека во обезбедување на развојна политика, базирана на докази во областа на реформата на здравствениот систем.

Авторот на трудот смета дека донесувачите на политиките треба да бидат загрижени не само за подобрување на просечните нивоа на здравјето на популацијата и одговорностите на здравствениот систем, туку и за редуцирање на нееднаквостите во здравјето и одговорноста. Ова бара способност да се мери нееднаквоста и да се идентификуваат луѓето кон кои системот е помалку одговорен. Дури и во земјите со релативно високи нивоа на здравствени трошоци постојат значителни варијации во обемот на нееднаквоста во одговорноста. Низ изразите на карактеристиките на здравствениот систем, постојат определени докази дека повисоките нивоа на здравствени трошоци како дел од БДП се поврзани со помалата нееднаквост, како и со повисоките нивоа на државна ефективност. Другите карактеристики на здравствениот систем поврзани со пониските или повисоките нивоа на нееднаквост може да произлезат како што резултатите од другите земји стануваат достапни.

Според д-р Костадиновски, значајна цел на здравствените системи е да осигураат финансискиот товар од плаќањето за здравјето да биде праведно дистрибуиран низ домаќинствата. Праведноста е дефинирана како еднакво оптоварување, така што секое домаќинство ќе плати еднаков дел од неговиот капацитет за плаќање кон здравствениот систем. Импликациите на заклучоците до коишто доаѓа авторот врз политиката се јасни. Во земјите со релативно висок степен на неправедност, основни средства на подобрување на праведноста на системот на здравствено финансирање е да се воспостават механизми на поделба на ризикот, кои ќе помогнат да се избегнат катастрофално високите здравствени плаќања и да се редуцира веројатноста дека луѓе со слични капацитети за плаќање придонесуваат во различни пропорции од нивниот доход. Една можна причина за разликите во степенот и видот на хоризонтална несразмерност, посматрана помеѓу земјите, лежи во варијациите во учеството на јавното финансирање во вкупното финансирање на здравствениот систем. Јавните извори на финансирање вообичаено ја вклучуваат грижата за хоризонталната рамноправност преку дизајнот на даночниот систем, така што товарот на хоризонталната нерамноправност произлегува од разликите во плаќањата од џеб и разликите во пристапот кон разновидните приватни осигурителни планови и социјални осигурителни прегледи.

Според авторот, значењето кое се дава на просечното ниво и дистрибуција на здравјето поединечно апсорбира најголем дел од вкупното значење кај популацијата, но целите на одговорноста и праведноста во финансиското учество заедно се сметаат за позначајни. Важноста дадена на нездравствените цели е постојана низ различните видови на испитаници и низ сите земји и има значителни импликации не само за развојот на политиката, туку и за собирањето и пресметката на податоците. Тоа е така само доколку постигнувањето на ваквите цели се мери и следи рутински, што ќе придонесе кон подобрување на перформансите на здравствените системи во областите кои луѓето ги вреднуваат.

**Евалуација на трудот со реден број 4 - „*Механизми на плаќање здравствени услуги*“ (рецензиран научен труд), приложен во Зборник на трудови, издание Европски универзитет, Скопје, 2008 година**

Механизмите и иницијативите за плаќање на давателите на здравствени услуги имаат важна улога во постигнување на целите на здравствената политика, поврзани со

стратегиско алоцирање на ресурсите и набавка на здравствените услуги. Во многу земји механизмите за плаќање на добавувачите на здравствена заштита се високо политизирани, со опции во политиката често донесени под влијание на идеологија, наместо со определена оправдана причина. Кога станува збор за стратегиските аспекти на набавката, механизмите на плаќање треба да бидат поврзани со посакуваните цели на ефикасност, ефективност и правичност, отколку со промашените интереси на моќни групи учесници.

Во рамки на трудот авторот дава преглед на различните механизми, нивните предности и ограничувања, со цел одговорните да донесат правилна одлука за расположливите алтернативи на плаќање на здравствените услуги. Според д-р Костадиновски, системот на плаќање на здравствената заштита треба да биде поставен така што со него ќе да се испрати јасна порака до давателите на здравствени услуги да ги испорачаат вистинските и по големина соодветни здравствени услуги и да промовираат општествено посакувани резултати.

Додека плаќањата според методот надомест по услуга се сметаат за непосакувани при плаќање на клиничките здравствени услуги, ваквите механизми на плаќање се сметаат за пожелни при обезбедување на здравствените услуги кои имаат јавен карактер (на пример, спречување на пасивното пушење, спречување на заразните болести, имунизација), каде што потребата на потрошувачите може да биде безначајна без активното охрабрување од страна на добавувачите. Без оглед на употребените методи на плаќање, со нив треба да се обезбеди фер исплата на добавувачите. Плаќањето треба да го рефлектира извршувањето од страна на добавувачите и треба да биде во согласност со приходите на другите здравствени професионалци.

Што се однесува до надоместувањето на услугите на куративна грижа, постојат повеќе механизми на плаќање, при што секој од нив има определени предности и недостатоци. Некои од ваквите методи се погодни како одговор на поставените цели на продуктивноста (надомест по услуга, надомест по востановена дијагноза и други механизми кои базираат на постигнатите резултати), додека други се подобри од аспект на контрола на трошоците (глобалните буџети или капитационите плаќања). Најчесто земјите експериментираат и со едните и со другите како начин на постигнување на неколкуте цели, продуктивност, ефикасност, правичност, заштита на сиромашните и квалитетот. Без оглед на избраниот механизам секогаш ќе постојат определени предности и недостатоци. Доколку одговорните согледаат дека не постои перфектен систем, толку е поверојатно тие да имаат пореални очекувања и да бидат оспособени да ги антиципираат и да се справат со некои од негативните аспекти.

**Евалуација на трудот со реден број 5 - „*Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор*" (докторска дисертација), стр. 410, Економски факултет, Скопје, 2009 година**

Авторот во својата докторска дисертација со наслов „Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор" третира актуелна, комплексна и кај нас релативно малку обработена проблематика од областа на здравствениот менаџмент, каде што во фокусот на вниманието се здравствените организации и потенцијалите за иницирање на подинамичен и квалитативен нивни раст и развој во насока на ефикасно, економично и правично задоволување на потребите на потрошувачите т.е. пациентите. Во истражувањата е применет мултидисциплинарен системски приод, кој од истражувачот бара добро познавање на теоретското формулирање на неговите поставки, како и сериозни знаења од научните дисциплини од областа на здравствениот менаџмент, деловните финансии, управувањето со трошоците, методите на мерење на резултатите од работењето и сл. Тие знаења го прават истражувачот компетентен да ги анализира сложените состојби, процеси, тенденции и законитости во организацијата и функционирањето на системите за здравствена заштита. Резултатите од применетиот модел се квалитативно и квантитативно поткрепени, со што објективноста на истражувањата е подигната на повисоко ниво. Начинот на кој се третирани проблемите, длабочината и конзистентноста на истражувачкиот зафат, сериозноста и реалноста на оценките и предлог-решенијата упатуваат на фактот дека авторот солидно ја познава проблематиката која е предмет на обработка во докторската дисертација.

Во **првиот дел** од докторската дисертација насловен **Утврдување на стратегиите при обезбедување на здравствените услуги,** авторот д-р Костадиновски го задржал вниманието на четири сегменти значајни во стратегиското детерминирање на перформансите на здравствениот систем: *1.Стратегиските аспекти на обезбедување на здравствените услуги; 2. Мерење и известување на перформансите на здравствениот систем; 3. Воспоставување на здравствен информативен систем и 4. Воспоставување и употреба на национални здравствени сметки*. Во овој дел од трудот заслужува да се истакнат ставовите на Костадиновски. Според нив, во повеќето земји со развиена пазарна економија здравството е прифатено како национална обврска и неопходност за добро организирано општество, поради што здравствената економија нужно треба да претставува важен елемент на здравствената политика. Според него, раководењето со здравствените системи подразбира внимателна анализа на политиката, буџетот и донесување одлуки за услугите, како и нивно извршување. Во таа насока, на здравствените работници им е потребна обука во теоријата и практиката на менаџментот; потребна им е менаџмент ориентација, со цел подобро да ги разберат пошироките импликации на клиничките одлуки и нивната улога во помагање здравствениот систем да ги постигне своите задачи и цели. Веродостојната и навремена здравствена информација е базична основа за поведување на определена акција во здравствениот систем. Националните здравствени сметки се средство кое им овозможува на земјите да генерираат и да стекнат сеопфатни финансиски информации. Со нив, според авторот, се овозможува проценка на износот и карактеристиките на здравствените трошоци, а со тоа се подобрува капацитетот на менаџерите да ги идентификуваат проблемите на здравствениот систем и можностите за промена, како и развој и следење на стратегиите за реформа.

Проблемите на **финансирање на здравствениот систем** Костадиновски ги елаборира во **вториот дел** на трудот, преку следниве три поглавја: *1. Собирање на приходи; 2. Здружување на ризикот и 3. Набавка на здравствени услуги*. Во овој дел авторот заклучува дека кога станува збор за државното финансирање, не постојат емпириски докази дека теоретските предности на кој било модел водат кон систематски подобрено здравје, пониски трошоци или некој друг знак на супериорност. Тука се изнесува фактот дека тоа што земјите со низок и среден доход покажуваат тенденција да го користат само директното финансирање со мала или никаква застапеност на социјалното осигурување, само ја рефлектира потешкотијата во финансирање на осигурувањето на најсиромашното население, а особено проблемот на собирање на даноците на труд коишто вообичаено го финансираат социјалното осигурување. Конкуренцијата меѓу здравствените планови ќе придонесе во зголемување на квалитетот и намалување на цената на расположливото осигурување. Авторот е убеден дека приватното осигурување може да му помогне на системот на здравствена заштита да ја изгради потребната инфраструктура и обезбеди средства за потребните инвестиции во ситуација кога државното финансирање на здравствената заштита е несоодветно. Во таа насока, најважните императиви во здружување на ризикот се да се воспостават соодветни и веродостојни системи на управување, да се обезбеди собирање и управување на финансиите и да се осигура дека давателите на услуги се надоместени соодветно. Здружувањето на ризикот е функција на здравствениот систем, каде што собирањето на здравствените приходи е трансферирано на организациите кои вршат набавка (фондовите). Авторот ја потенцира важноста стратегискиот купувач т.е. фондот да воспостави јасна поврзаност меѓу саканата интервенција и селекција на најдобриот давател. Поставувањето на приоритети претставува систематски пристап во дистрибуција на расположливите ресурси во здравствената заштита, оптимално помеѓу конкурентните барања кои се предмет на ограничувања. Костадиновски нагласува дека купувачите мора да се соочат со проблемите кои се предизвикани од системите на плаќање на давателите на здравствени услуги, да ги согледаат предностите и слабостите на методите на плаќање во поглед на однесувањето на давателот на здравствени услуги, индивидуално или институционално. Токму поради тоа, тој ја потенцира потребата на купувачот (фондот) да му биде овозможено да менаџира меѓу здравствените интервенции, притоа фокусирајќи се на резултатите, а не на обезбедените услуги и на попрецизно определување на тоа што треба да се набави.

**Третиот дел**, кој воедно е и централен дел во докторската дисертација, како по својот обем, така и според своето значење од аспект на целите што ги има поставено авторот, е посветен **на интерниот процес на производство на здравствени услуги** во кој се елаборираат проблемите поврзани со: *1. набавките на инпутите; 2. опфаќањето на трошоците и утврдувањето на цената на здравствените услуги и 3. квалитативните аспекти на трошоците во здравствената заштита.* Менаџментот на здравствените организации има одговорност кон заедницата да ги испорача здравствените услуги за коишто таа има потреба со прифатливо ниво на квалитет и по најниска можна цена. Познавањето на трошоците (по единица или вкупно) може да помогне во планирање на идните буџети (како индикатор на ефикасноста) и во воспоставување на тарифник на наплати за услугите на пациентите. За таквата потреба, авторот детално ги разработува чекорите кои треба да се следат во пресметката на трошоците по единица здравствена услуга. Според него, целта на трошковната алокација е да се препишат сите трошоци на организацијата кон активностите кои биле причина тие да настанат. Со создавањето на трошковните центри, препишувањето на трошоците на нив и алоцирањето кон крајните департмани за услуги на пациентите, директорите во болницата и финансиските работници се запознаваат со квантитетот на употребени ресурси во производството на секоја болничка услуга. Одлуките во однос на утврдување на цените и понуда на услугите на пациентите од страна на департманите во болницата мора да бидат базирани на целосниот трошок поврзан со секоја услуга, вклучувајќи ги директните и индиректните трошоци. Во услови кога овозможувањето на здравствени услуги станува конкурентно, Костадиновски нагласува дека давателите како стратегија избираат целно опфаќање на трошоците според која цената на определена услуга е пазарно определена и од пазарната цена се одбива посакуваниот профит од таквата услуга за да се добие нивото на целниот трошок по кој треба да биде произведена услугата. Економската анализа не треба да биде насочена само на влезните параметри, како што се трошоци и средства, туку и на излезните параметри**,** односно постигнување на повисоко функционално ниво кое ќе го подобри квалитетот и должината на животниот век. Секоја влада треба да бара начини за намалување на растечките трошоци. Авторот за таа цел ги посочува техниките на анализа на исплатливост и анализа на трошок/добивка, како дел од планирањето и раководењето со постоечките или новите медицински постапки; анализата на оперативните и капиталните трошоци како критичен чекор за нивно намалување при здравственото планирање. Во заедниците со прекумерно развиени болнички капацитети и дуплирани услуги, Костадиновски ја нагласува регионализацијата како метод на рационализација со заедничко или задолжително отстранување на непотребните, дуплирани оддели или истражувачки капацитети.

На проблемите поврзани со **работната сила во здравствениот сектор,** кандидатот Костадиновски го посветил **четвртиот дел** од докторската дисертација. Истражувањата во овој дел се фокусирани на: *1. глобалниот профил на здравствените работници; 2. подготовката на работната сила и 3. мерењето на перформансите на работната сила во здравствениот сектор*. Врз основа на спроведните компаративни истражувања и емпириски податоци Костадиновски констатира дека бројот на даватели на здравствени услуги го надминува бројот на работници ангажирани во здравственото управување и поддршка. Тој укажува на големата нерамноправност во дистрибуција на здравствените работници во однос на потребите на земјите, така што земјите со најниска релативна потреба имаат најголем број на здравствени работници, додека оние со најголема застапеност на болестите мора да се справуваат со нив со далеку помала здравствена работна сила. Како карактеристика на земјите со низок и среден доход, се нагласува појавата здравствените работници да го пријавуваат своето примарно место на вработување како јавен сектор, но голем дел од ваквите вработени често ги дополнуваат нивните приходи со приватна работа или поголем дел од нивните приходи ги примаат директно од пациентите отколку од државата. Авторот смета дека фокусот на институциите за здравствено едуцирање и на пазарите за регрутирање придонесува да се проникне во тоа како да се менаџира влезот во здравствената работна сила кон остварување на целите на перформансите. Проучувањето на перформансите треба да ги открие областите каде работната сила функционира добро и областите каде што се потребни извесни подобрувања. Според авторот, станува збор

за расположливоста, компетентноста, одговорноста и продуктивноста на здравствените работници. Стимулирањето на подобрени перформанси во ваквите димензии е детерминирано од условите на ангажирање на работната сила кои ги вклучуваат елементите како што се работните услови, надоместот и бенефициите. Костадиновски потенцира дека без адекватни промени кои би ги поддржале подобрените перформанси на постојните здравствени работници, било каков вид на стратегии за регрутирање и задржување на здравствените работници би имале ограничен ефект.

Последниот, **петти дел** од својот труд авторот го посветува на елаборирање на проблемите поврзани со **испорака на здравствените услуги до корисниците** и тоа од: *1. аспект на покритието на корисниците со здравствени интервенции; 2. од аспект на нерамноправноста во здравствената заштита и 3. од аспект на перформансите на македонскиот здравствен систем*. Со истражувањата во последната глава од докторската дисертација, авторот прави напор да го претстави и да го испита **моделот на здравствениот систем на Македонија**. Станува збор за системско испитување и утврдување на степенот на интегритетот на деловите во целината, за можноста во системот да се оптимизираат и структурата и функционалните односи. Посебно треба да се подвлече вложениот истражувачки напор за барање на одговор дали покренатите реформски процеси ќе овозможат системот да остане како целина и да одржува интегритет на долг рок. Тоа е многу значајно за оценка на реформите на нашиот здравствен систем, кои најчесто се мотивирани од потребата за зголемување на ефикасноста на системот. Авторот Костадиновски смета дека **реформата на здравствениот систем** треба да се остварува во правец на обезбедување на рационализација на здравствената инфраструктура; обезбедување на алтернативни пристапи на вршење на услуги; ефикасна употреба и комбинација на учинок, вклучително и нивоа на персонал и склучување на договори за услуги врз база на референцијални трошоци и индикативни количини. Според авторот, за да се постигне оптимално функционирање на деловите на системот (примарно, секундарно и терциерно ниво) од големо значење е здравствените организации да бидат поврзани со информациско-комуникациска технологија, која ќе обезбеди следење на пациентот и увид во вкупните трошоци за негово лекување во рамките на системот. Исто така, авторот ја нагласува потребата од обезбедување на стимулации на лекарите од примарно ниво за адекватно овозможување на здравствените услуги на тоа ниво, како и потребата истите да бидат обезбедени со софистицирана опрема која ќе овозможи навремено превенирање и дијагноза на болестите.

Во **заклучните согледувања** авторот уште еднаш ја потенцира важноста од применетиот модел на мерење на перформансите на здравствениот систем во насока на обезбедување на навремени и релевантни информации за факторите кои ја детерминираат испораката на здравствени услуги. Таквите информации имаат ефикасна корист за интересните групи, како што се јавноста, давателите на здравствени услуги, финансиските агенции и креаторите на здравствената политика, во правец на носење на издржани одлуки и преземање на адекватни акции. Ефикасноста на здравствените организации во голема мера зависи од обезбедување на задоволително финансирање, што подразбира соодветно собирање на приходите, нивно здружување и насочување кон целните групи кои се дефинирани со приоритетите на политиката. Авторот заклучува дека ефективните здравствени услуги зависат од расположливиот микс на инпути за нивно производство. Сè поголемиот притисок врз трошоците како резултат на новите пронајдоци во медицинската технологија и сè повозрасната популација, ја наметнува потребата во цената на услугите да бидат опфатени сите трошоци, како и одговорноста на менаџментот при контролата на трошоците да го согледа нивниот квалитативен придонес. Со оглед на трудоинтензивниот карактер на дејноста, авторот Костадиновски апелира до здравствените власти да имаат јасно поставени критериуми за потребниот број и квалификации на здравствените работници, односно нивна селекција низ процесот на едукација и регрутација, како и утврдување на адекватни стимулативни мерки кои ќе ја зголемат продуктивноста на трудот. Универзалната здравствена заштита и принципот на недискриминација во давањето на здравствените услуги ја наметнува одговорноста за ефективно покритие на населението со бараните здравствени интервенции, како и елиминирање каква било нерамноправност во пристапот до здравствените услуги.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на поднесената документација, според Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Александар Костадиновски ги исполнува условите според Конкурсот.

Комисијата констатира дека кандидатот веќе бил вклучен во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес, со тоа се стекнал со потребното искуство кое го квалификува истиот да продолжи во иднина да го унапреди овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатот се потврдува и преку објавените стручни трудови, а посебно неговата научноистражувачка работа е изразена при изготвувањето и одбраната на магистерскиот и докторскиот труд.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” да го избере **д-р Александар Костадиновски** во **доцент** на наставно-научната област ***сметководство.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Блажо Недев, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Миновски,член, с.р.**

**Доц. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**